ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 241
e-mail: tveljanovski@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1209/21**
Дата: **07/12/2021**
Купувач: Т.Вељановски
Рок на доставување: **24/12/2021**

**До:**
e-mail:
Број на страни: 3+2+1+5+1+2+5

☒ ПОНУДА

☐ БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани Господа,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за испитување на опремата под притисок согласно законот за техничка инспекција 88/08 и правилникот за користење на опрема под притисок 32/09.

Испитувањето е потребно да се извршува согласно правилникот за користење на опрема под притисок 32/09.

Со избраната компанија/и ќе се склучи договор со важност од три години со фиксни цени согласно добиените понуди.

Прилог:

- Општи барања и услови
- Список на опрема за испитување.

Лице за контакт во ОКТА, за технички прашања:
Надја Хокоцијан моб.тел.076-282-960.

**Напомена:**
**Пред да се достави понудата потребно е да се направи увид на лице место.**

Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресите:

adimitrievski@helpe.gr и tveljanovski@helpe.gr најдоцна до 17.12.2021 год.

**Сите горенаведени прилози, ќе се доставаат дополнително само на оние компании кои ќе го потврдат учеството на горенаведените е-маил адреси.**

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**“НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1209/21”**
(наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- едниот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот, а
- вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **„ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до Петок 24.12.2021 год**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

**Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

1. Решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на опрема под притисок, издадено од Министерството за Економија и Сертификат за акредитација.
2. Референтна листа за техничка инспекција на опрема во други компании, посебно за специфична опрема како ТНГ складишни резервоари и ТНГ натоварно/истоварни садови.
3. Времето на одзив по примена најава од страна на ОКТА дека опремата или сигурносните вентили се спремни за испитување.
4. Изјава која дефинира дали интерните испитувања на сигурносните вентили и записниците од истите (кои се изведуваат од страна на персоналот на Техничка инспекција и Одржување во ОКТА) ќе бидат прифатени како валидни, или ќе се прифатат само ако се изведуваат во присуство на претставник од инспекциското тело кое е понудувач на услугите;
5. Изјава која дефинира дали интерните испитувања на Техничка инспекција извршени од вработени во ОКТА кои имаат валидни сертификати за испитување без разрушување (UTT и VT ниво 2, согласно EN ISO 9712 и PED 2014/68/EU) ќе бидат прифатени како валидни или инспекциското тело ќе инсистира сите испитувања да ги изведува самостојно.

**Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

1. Единечни цени за позициите наведени во Спецификациите дадена како прилог кон ова Барање, изразени во ДЕНАРИ без ДДВ (понуди во друга валута нема да се разгледуваат).

**Забелешка:**

**Во спецификацијата за испитување на сигурносните вентили, понудувачот да наведе дали:**

1. Интерните испитувања на сигурносните вентили и записниците од истите (кои се изведуваат од страна на персоналот на Техничка инспекција и Одржување во ОКТА) ќе бидат прифатени како валидни и без надомест од страна на ОКТА
2. Цената опфаќа присуство на претставник од инспекциското тело кое е понудувач на услугите, а испитувањата се вршат согласно точка 1 погоре
3. Цената опфаќа целосно сите активности да се од страна на понудувачот

**Валидност на понудите:**

Доставените понуди е потребно да имаат рок на важност најмалку **три (3) месеци** од крајниот рок за поднесување на истите.

**Завршни одредби:**

1. Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
2. Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
3. Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги достават само писмено (по електронска пошта). ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.
4. ОКТА , по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање.
5. Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
6. Цената на понудата да биде изразена во ДЕНАРИ без ДДВ. **(Понуди во друга валута нема да се разгледуваат)**.

Менаџер на Набавка,
Александар Димитриевски